23.12.2016г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Јане Димески, за текстот со наслов "СДСМ под притисок, се бара помош од СЈО", објавен на 11.11.2016 година, во 10 часот и 30 минути, на Интернет порталот Нетпрес (www.netpress.com.mk)**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 4, 13 и 14.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Член 4.

*"Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 14.

*"Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 14.11.2016 година, Јане Димески, поднесе жалба за текстот со наслов "СДСМ под притисок, се бара помош од СЈО", објавен на 11.11.2016 година, во 10 часот и 30 минути, на Интернет порталот Нетпрес (www.netpress.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот известувањето е неточно и нефер, информирањето е пристрасно и не е застапена втората страна.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Нетпрес и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот Интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 29.11.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот, и направи увид во наведениот текст и видео материјалот.

Констатираше дека авторот во текстот, најпрво, не прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Понатаму, во текстот не се наведуваат изворите на информациите и дали тие побарале да бидат заштитени и не е побаран став од споменатите лица и институции. Членовите на Комисијата заклучија дека ваквиот текст не е непристрасен и избалансиран, особено што се објавува во предизборен период.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "СДСМ под притисок, се бара помош од СЈО", објавен на 11.11.2016 година, во 10 часот и 30 минути, на Интернет порталот Нетпрес, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Комисијата констатира дека е прекршен член 4, според кој новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.

Комисијата заклучи дека е прекршен член 13, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Комисијата заклучи дека е прекршен и член 14, според кој известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

**Се обврзува Интернет порталот Нетпрес (www.netpress.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595